Јас и мојата приватност

# ЛИЧЕН ПОДАТОК – ШТО Е ТОА?

**Дали некогаш сте го чуле поимот личен податок?**
**Се прашувате што значи?**
**Ајде да одговориме на прашањето:**
**Што е личен податок?**
**Личен податок е секоја информација која се однесува на нас.**
**Сето она што се однесува на нас и што не определува kako Елена, Мирјана, Стефан, Филип, Јана...**




**Секоја информација што упатува на тоа каде живееме, во кое училиште учиме, со кого се дружиме исто така спаѓа во личен податок.**

**Секојдневно секој од нас, особено возрасните даваат лични податоци на разни организации, фирми или поединци. Тоа го прават за да можат да остваруваат одредени права.**



**Во училиште, наставникот мора да има лични податоци како за тебе така и за твоите родители...**




**Кога се во банка, вашите родители мора да го кажат бројот на нивната банкарска сметка, на која се заведени нивните лични податоци.**



**Исто така, тие го даваат бројот на кредитната картичка кога купуваат во продавница и плаќаат на каса...**



**Лични податоци се даваат и при добивање членски карти во библиотеки, разни спортски клубови; потоа се даваат и податоци за учество во наградни игри или патувања...**

**Посебно важни лични податоци се:**
**името.................................................,**
**презимето.........................................,**
**матичниот број на граѓанинот................................................,**
**адресата на живеење............................................................**
**Пополни ги празните линии со твоите лични податоци и запомни дека тие се најважни за тебе. Секогаш внимателно размисли кому ќе му ги дадеш.**



Адаптација на текстот *К. Трајчева*

Илустрации ***Борјица Арсовска***

**Во соработка со** Дирекција за заштита на личните податоци